**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за правда | |
| Назив на предлог законот | Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета | |
| Краток опис на проблемот | Примената на постојниот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, донесен во 2012 година заради декриминализација на клеветата и навредата, покажа одредени слабости и недостатоци кои е потребно да бидат надминати. За таа цел, беше ангажиран домашен експерт кој подготви анализа на судската пракса во Република Северна Македонија и на наодите од претходни експерти, во која точно се детектираат прашањата кои треба дополнително да бидат регулирани, одредени решенија изменети, следејќи ја и компаративната анализа на системите. | |
| Цел на предлог законот | Донесувањето на предложениот закон ќе создаде можност за измена на Законот во насока на вградување на препораките и наодите од домашните и странските експерти, надминување на констатираните состојби од анализата, оценските мисии, како и усогласување на законот со меѓународните стандарди. Со оваа активност, ќе се овозможи реализацијата на стратешката насока 5.4.1 и стратешката мерка 5.4.1-6 согласно Акцискиот план на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година | |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | Октомври-Декември 2020 | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | Барања за писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | | Не |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | ener.gov.mk/<br>http:www.pravda.gov.mk | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се доставaт мислењата, забелешките и сугестиите | Министерство за правда<br>ул.„Димитрија Чуповски“ бр. 9 1000 Скопје<br>nprokopenko@mjustice.gov.mk | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | Никола Прокопенко – државен советник | |
| Други информации | | |